

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН







ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
3 - 9 јануари 2022 Билтен бр. 458

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

На улица Бањалучка денеска се поставуваше подземна инсталација за потребите на телекомуникациски оператор поради што беше извршен ископ на тротоар од улицата во должина од 25 метри. По завршувањето на зафатот тротоарот беше вратен во првобитна состојба.
Со почит



# САНИРАН ДЕФЕКТОТ НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО НЕРЕЗИ

**На барање на жителите од улица „Партизанска“ бр. 7 во населбата Нерези, денеска, екипите на Ј.П „Водовод и канализација“ – Скопје, искочија на терен и извршија санација на дефектот на постојната водоводна инсталација. По завршување на активностите, јавното претпријатие ќе ја врати улицата во првобитна состојба.**






# СООПШТЕНИЕ

Во врска со нелегалното градење верски објект (минаре) во населбата Злокуќани, ве информираме дека во саботата (8 јануари 2022 година) инспекциската служба на Општина Карпош излезе на терен. Во моментот кога е извршена контролата не се вршени градежни дејствија. Инспекторатот одреди 15 дена рок за доброволно отстранување на нелегалниот објект и ги повика одговорните лица на средба во општината денеска во 9.30 часот, но истите до сега не се дојдени. Во случај да не биде доброволно отстранет објектот во предвидениот рок, случајот ќе биде пријавен и во државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.